# 46

# ГОДИШНА ИЗЛОЖБА

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
НА МАКЕДОНИЈА
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
- ДАУТ ПАШИН АМАМ - СКОПЈЕ

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - ДАУТ ПАШИН АМАМ - СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

**СКОПЈЕ '99**

издавач:
Друштво на ликовните уметници на Македонија

одговорен уметник:
Коле Манев

предговор:
Паскал Гилевски

организација на изложбата:
Уметничкиот совет на ДЛУМ

фото:
Влахо Бранцолица

ликовно обликување и дизајн:
Никола Иванов-Балтон

каталошки податоци:
Бранислав Мирчевски

Печат:
Догер

тираж:
500

Изложбата и каталогот се реализирани со помош
на Министерството за култура на Република Македонија.

После долги колебања, дилеми и размислувања, после многубројни поединечни разговори со колеги, после неколку дебати и состаноци на управните тела при Друштвото на ликовните уметници на Македонија, после седум години пауза, еве нé повторно пред јавноста со Ревијалната изложба ДЛУМ, со нејзиното 46-то издание. Сега кога ја гледаме изложбата секој може да си го постави прашањето, која е разликата помеѓу една ревијална изложба и последните изданија на Зимскиот салон? Разликата е скоро никаква. Нашите заложби беа и се токму во таа насока, да има разлика. Од тие причини од вечерва ѝовозможуваме на Ревијалната изложба на ДЛУМ повторно да заживее, а Зимскиот салон како биенална и строго селективна манифестација да го продолжи својот ликовен пат. Како втора причина, зошто управните тела на ДЛУМ се одлучија за враќање на Ревијалната изложба е почитувањето и давањето "омаж" на културните традиции, а со тоа и нивно продолжување имајќи предвид дека традицијата, во овој случај ликовната, е една од базичните оски која овозможува континуирана надградба на главните културно-естетски збиднувања и преокупација од доменот на ликовното творење и живеење. Со враќањето на Ревијалната изложба на ДЛУМ, ќе си овозможиме ние самите да ги согледаме многубројните ликовни хоризонти и раскрсници низ кои со децении се стремеа и поминуваа ликовните творци од нашата средина, ќе се подсетиме на многубројни колеги кои сиот свој ликовен жар ѝго посветија токму на оваа ликовна манифестација, преку која се потврдуваа себеси, но истовремено ги поставуваа темелите на современото македонско ликовно творештво.

Претседател на ДЛУМ
*Коле Манев*

# ЗНАЧЕЊЕТО НА РЕВИЈАЛНИТЕ ИЗЛОЖБИ НА ДЛУМ

Несомнено дека годишните или ревијалните изложби на македонските ликовни уметници отсекогаш претставува голем културен настан во нашата средина. Затоа тие изложби се значајна состојка од летописот на нашата ликовна уметност. Еден аргумент е непобитен: дека нема македонски ликовен уметник кој не учествувал на тие ревијални изложби, почнувајќи од првата таква изложба во далечната 1945 година, па сѐ до 1992 година, кога Уметничкиот совет на ДЛУМ реши да ги укине изложбите од таков карактер и ја воспостави селективната годишна изложба наречена "Зимски салон".

Сегашната Управа на ДЛУМ донесе одлука, сепак, да ја обнови годишната изложба на Друштвото, и за да го одбележи големото значење на ревијалните изложби во минатото, и за да ја задоволи желбата на сите членови: еднаш годишно да можат да ги изложат своите дела на заднички настап, без критериумот на селективност. Впрочем, на тој начин се враќа една убава пракса, кога секој уметник, член на ДЛУМ всушност станува арбитар за себеси, а истовремено ја превзема и целата одговорност и ризик на излагањето. Тоа секако ја зголемува самокритичноста, таа врвна доблест на старите мајстори.

Интересно ќе биде ако фрлиме еден бегол поглед на историјатот и особено на значењето на ревијалните изложби, низ што всушност може да се добие извесна претстава за највредните појави, тенденции, стилови и постигнатите резултати во нашата уметничка пракса. За првата изложба на македонските ликовни уметници, на која учествувале основоположниците на современата македонска уметност (Мартиновски, Личеноски, Владимирски, Лазески, итн.), приближна слика добиваме од критичниот осврт на поетот Венко Марковски, кој, пред сѐ, го согледува "расчекорот меѓу прогресивно ориентираното, општествено-политичко ангажирање на уметникот и резултатот на творечкиот акт", за да стигне најпосле до откривање на појави на формализам, неадекватно прикажување на старноста, на Народноослободителната борба итн. Сличен е критичкиот пристап и на Димитар Митрев по повод втората изложба на македонските уметници. И тој го критикува отсуството на "идејно-уметничка завршеност", како и на теми од НОБ.

Од денешен аспект, се разбира, ние целосно ги разбираме таквите судови, па и естетички заблуди кои ќе се провлечат речиси до шестата, па и седмата изложба. Но, за нас исто така е значаен и еден друг аргумент: дека паралелно со тие ревијални изложби, како најатрактивни настани во тие години, се развиваше и теоријата на ликовната уметност. Покрај Венко Марковски и Димитар Митрев, во тоа време критики објавуваа и ликовните уметници Лазар Личеноски и Борко Лазаски, како и историчарот на уметноста Димче Коцо. Во педесеттите години, по четиринаесеттата и петнаесеттата изложба на ДЛУМ, почна да се рзавива и полемичкиот дух во нашата културна средина. На пример, во неколку броеви на списанието "Разгледи" се водеше жестока полемика, што беше поттикната од написот на Лазески "За или против нефигуративната уметност".

Во првите ревијални изложби најчесто уметниците (главно сликарите) ја третираа тематиката поврзана со војната и револуцијата, обновата и изградбата на земјата, како и тематиката која внесуваше (за првпат) значајни настани од македонската национална историја (трагизмот на Самуиловото време, Илинденското востание итн.).Впрочем, можеме да констатираме дека главна карактеристика што се провлекуваше во тие први ревијални изложби на македонските ликовни уметници беше полетниот дух за создавање национална култура и уметност во Македонија, а тоа ја правеше поразлична нашата ликовна ситуација од другите тогашни југословенски културни центри.

Веќе по повод шестата изложба на македонските ликовни уметници, кога се менува и општиот политички курс во земјата, во еден идеолошки инструиран напис Киро Миљовски ќе ја нагласи “неопходноста од ослободување на нашата уметност и од догматските формули на социјалистичкиот реализам и од безрезервното угледување на декадентна западна уметност”. А на седмата ревијална изложба (1951) продираат некои изразни новини: дотогашната “официјална” реалистичка постапка е заменета со интимистички моменти или со еден вид импресионистички акценти (Пандилов, Лазески, В. Ѓоргиевски и други), како и со афинитет за експресионистички и фовистички решенија (Борислав Траиковски, Томи Шијак, Ристо Лозаноски, Миле Корубин).

Со доаѓањето на една плејада млади уметници, тукуштo излезени од ликовните академии во Белград, Загреб и Љубљана (покрај горе споменатите, да ги додадеме и имињата на Јордан Грабулоски, Димитар Кондовски, Спасе Куновски, Петар Мазев, Боро Митриќески, Петар Хаџи Бошков, Илија Аџиевски, Иван Велков, Драгутин Аврамовски Гуте итн.), набргу ќе се создаде една нова уметничка клима, во која ќе се афирмираат нови естетски сфаќања и тенденции, нови стилски и творечки изрази, ќе се зборува за поими, како што се “современоста”, “актуелноста”, па и “универзалноста”.

Значајно е да подвлечеме дека имено токму ревијалните изложби на ДЛУМ ќе станат најзабележителниот мегдан каде што ќе дојдат до израз општите и индивидуалните карактеристики на македонските ликовни уметници. Се разбира, големата творечка енергија кај повеќемина уметници ќе резултира со формирање на разни групации и групи според афинитетите (“Денес”, 1953, ВДИСТ, 1955, “Мугри”, 1960). Исто така, особено во седмата деценија сѐе повеќе ќе се практикува организирање самостојни изложби. Меѓутоа, ревијалните изложби уште долго време (речиси до средината на осумдесеттите години) ќе бидат најпривлечен изложбен простор за повеќето македонски ликовни уметници.

Така, до петнаесеттата изложба ќе бидат презентирани сите поважни тенденции на современата македонска ликовна уметност што ја означуваат нејзината прва етапа. Тоа значи дека до крајот на педесеттите години ќе најдат соодветно место во развојот на македонската уметност, покрај посткубизмот (Мазев) и надреализмот, со елементи на магичниот и метафизичкиот реализам
( Куновски, подоцна Трајче Јанчевски) и разни аспекти на францускатa и американската апстрактна или нефигуративна уметност, пред сѐ, во творештвото на Ристо Лозаноски, Ристо Калчевски и Родољуб Анастасов.

Седмата деценија претставува голема пресвртница во летописот на современата македонска ликовна уметност. И на самостојните изложби, но особено на ревијалните годишни изложби на ДЛУМ (од шеснаесеттата до дваесет и петтата), ќе се афирмираат голем број ликовни уметници, кои ќе го означат највисокиот степен на творечко созревање во нашата ликовна пракса. Тоа се сликарите Александар Ристески, Глогор Чемерски, Симон Шемов, Васко Ташковски, Таки Павловски, Душан Перчинков, Танас Луловски, Нове Франговски, Александар Јанкуловски-Цане, Ѓоко Матевски, Кирил Ефремов, Благоја Николовски, потоа скулпторите Драган Попоски-Дада, Стефан Маневски, Томе Серафимовски, Борис Николовски, Томе Андреевски, Васил Василев, Насо Беќеровски и најпосле графичарите Драган Биков, Томислав Крмов, Константин Танчев-Динка и други.

Во оваа деценија се случува и скопскиот катастрофален земјотрес, настан што ќе остави впечатливи траги и во ликовното творештво. Најнапред, по земјотресот е основан Музејот на современата уметност што ќе одигра значајна улога во афирмацијата на модерната уметност, а исто така ќе внесе и нови содржини во нашиот ликовен амбиент, претставувајќи ги творечките резултати на голем број странски уметници.

Во овој период достигнува најголем подем и афирмација “апстрактниот пејзажизам”, најчесто како емотивен однос на уметниците кон “физикиот амбиент на

татковината", како мошне инспиративна почва, особено за сликарството. Истовремено ќе се афирмира и едно ново сфаќање и третман на фигуративноста ("нова фигурација"), како и појава на поп-артот, неодадаизмот, мек-артот("мусандрите" на Т. Шијак), едно поинакво разбирање на надреализмот, збогатен со фантастиката и "вселенските визии" (Васко Ташковски), на експресионизмот и "деформираната фигурација" (Мазев, Чемерски) на геометриската и оптичката апстракција (Р. Анастасов, Д. Перчинков, Н. Франговски).

Треба да се подвлече дека седмата деценија ќе остане запаметена и со појавата на најзначајната плејада ликовни критичари (покрај веќе афирмираниот Борис Петковски и Соња Абаџиева Димитрова, Љубица Дамјановска и други)кои ќе ги стават темелите на современата македонска ликовна критика и теорија на уметноста.

Во осмата деценија, као и во седмата, се отвараат нови хоризонти, почнува етапата на големата уметничка слобода и естетската толеранција, при што простор добиваат сите тенденции и стилови. На ревијалните изложби, кои имаат висока репутација, земаат учество и по 150 уметници, што зборува за големата заинтересираност на творците спрема оваа институција. На тие изложби секогаш се потврдуваа вредностите на постарите уметници, од една страна, и од година во година сé повеќе растеше бројот на младите уметници. Од дваесет и седмата до триесет и петтата изложба, пред јавоста ќе ги изнесат своите дела следниве уметници: Павле Кузмановски, Ана Темкова, Владимир Георгиевски, Илија Пенушлиски, Жарко Јакимовски, Димитар Манев, Коле Манев, Илија Аризанов, Свето Манев, Илија Кочовски, Александар Ивановски-Карадаре, Бранко Јакшиќ, Ангел Нацевски, Илија Лафазановски и други.

Осмата деценија, како и првата половина на деветтата деценија го означуваат највисокиот досег на ревијалните годишни изложби на ДЛУМ. Во тоа време сите тенденции ќе добијат нови импулси, се врши, (повеќе низ пракса) преиспитување на сите поранешни ликовни системи. Се афирмира системот на "сугестии" (Коле Манев, Рубенс Корубин). Се предлагаат нови визуелни симболи, но и се усовршува техничката изведба на делото, особено на графичките листови.

Во деветтата деценија (на изложбите од 36 до 45) ќе продолжат да се усовршуваат искуствата од претходната деценија. Тоа ќе биде зрелото време на уметничкиот плурализам. Веќе имаме една целосно изменета ликовна ситуација, во која доминира концептот (концептуална уметност), особено што е карактеристично за помладата генерација, која поројно придоаѓа од уметничките работилници на Македонскиот факултет за ликовна уметност. Меѓу оние кои веќе го обезбедија своето присуство (се разбира, најмногу преку учеството на ревијалните годишни изложби на ДЛУМ) се уметниците: Ѓорѓи Чулаковски Ѓото, Рубенс Корубин, Новица Трајковски, Никола Иванов - Балтон, Кољо Мишев, Александар Цветиновски, Вања Урошевиќ, Сергеј Андреевски, Зоран Јакимовски, Трајче Блажевски, Трајче Димчевски, а малку подоцна, до последната одржана ревијална изложба се појавија уште триесетина-четириесетина уметници од најмладата генерација, речиси сите од Факултетот за ликовна уметност во Скопје.

Повеќето од нив во своите дела ги носат белезите и асоцијациите на своите професори, но има и такви кои излегуваат од претпознатливиот домен на македонската ликовна школа. Еден поцелосен преглед на таквата стилска и творечка разбуеност ќе ни овозможии оваа обновена ревијална годишна изложба на ДЛУМ.

*Паскал Гилевски*




КОРУБИН МИЛЕ
(1922,Прилеп)
АЛУ завршил во Белград, 1951
"БЕЗ НАСЛОВ", 1998
акрилик на платно, 70/81



АЏИЕВСКИ ИЛИЈА
(1926 , Струга)
АЛУ завршил во Загреб, 1955
"СЕЌАВАЊЕ", 1996
печена глина, 22/18/12



ЃОРЃИЕВСКИ ВАНЧО
(1924,Скопје)
АЛУ завршил во Белград,1952
"ФЕНИКС",1997
масло на платно,62/70



МИТРИЌЕСКИ БОРО
(1927,Прилеп)
АЛУ завршил во Загреб,1954
СКУЛПТУРА,1998
дрво,30/15/10



ХАЏИБОШКОВ ПЕТАР
(1928, Скопје)
АЛУ завршил во Љубљана, 1953
"ВО ЦЕНТАРОТ" (скица), 1998
метал, 70/10/8



ВЕЛКОВ ИВАН
(1930,Врање)
АЛУ завршил во Белград,1953
"КРУГ", 1986
масло на дрво, д=100



ЈАНЧЕВСКИ ТРАЈЧЕ
(1928,Куманово)
АПУ завршил во Белград,1954
“ТРИПТИХ I-A”, 1998
масло на платно,100/50

АВРАМОВСКА ЕЛИЗАБЕТА
(1956,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1984
“ШАБЛОН”,1997
кола‘,100/80




АВРАМОВСКИ МОМЧИЛО
(1935 , Куманово)
ФЛУ завршил во Скопје
“МОЈОТ СВЕТ”,1998
масло на платно,88/150



АНЃУШЕВ ПАНО
( 1927 , Кавадарци)
АЛУ завршил во Белград,1959
"МАКЕДОНКА",1999
теракота,23



АРНАУДОВ СИМЕОН
( 1943 , с.Стојаково)
АЛУ завршил во Белград,1969
"АДЕЛАИДА",1997
туш,70/50



АРСОВСКИ ЗОРАН
(1953 , Скопје)
ВПШ ззавршил, во Скопје
"МРТВА ПРИРОДА",1998
масло на платно,70/70



АМЕТИ РЕШАТ
( 1964, Гостивар)
ФЛУ завршил во Скопје, 1989
"РЕКОМПОНИРАЊЕ", 1998
масло на платно, 90/80



АТАНАСОВСКИ ТАНЕ-ГАРСКИ
( 1938 , с.Гари)
Филозоф.факултет завршил во Скопје,1977
"ВРИЕЖ",1998
масло на платно,70/90



АРСОВСКИ РАДОСЛАВ
(1928 , Скопје)
АЛУ завршил во Љубљана,1961
"ПОДВОДЕН СВЕТ"1991
масло на лесонит,50/60



БАЛАЌ ТАЊА
(1968,Скопје)
"МЕТАМОРФОЗА
98",1997
масло на платно,46/38



БАЈРАМ ГАЗАНФЕР
АЛУ завршил во Белград,1974
"ИСКУШЕНИЕТО НА
ЈЕРОНИМ",1998
мозаик,138/52



БАШЕСКИ ЖАРКО
(1957,Прилеп)
ФЛУ завршил во Скопје,1988
"ВЕРТИКАЛА",1999
мермер,полиестер,55/26/20



БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ
(1953,,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1982
"ПРЕДЕЛ ЦД",1998
колаж со цртеж,50/70



БОЈАРОВ ЉУПЧО
(1959,Скопје)
"СЛИКА-98",1998
масло на платно,150/100



БУНДОВСКИ ТОМЕ
(1953,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1984
"АГОНИЈА",1998
полугранит,17/20/42



БИКОВА МАЈА
(1971,Штип)
ФЛУ завршила во Скопје
“ГЛАВА”, 1997
цртеж,100/70



БОГЕСКИ БЛАГОЈА
(1932,Прилеп)
ПА завршил во Скопје,1960
“ОРГАНСКИ ОБЛИЦИ”,1998
масло на платно,67/90





БОШКОВСКИ ЗОРАН
(1970,Тетово)
“СВЕТЛИНА”,1998
дрворез,100/70

БУТРОВ НИКОЛА
(1939,Гевгелија)
ВПШ завршил во Скопје,1978
“МОТИВ ОД ГЕВГЕЛИЈА”,1998
масло на платно,60/78



ВЕЛИЧКОВСКИ ВЛАДИМИР
(1949,Скопје)
докторирал на
Филозоф. факултет,1998
“ПРЕД ЦРКВАТА ВО
ВЕЛЈУСА”,1993-99
масло на платно,60/50



ВАСИЛЕВ НИЧЕ
(1948, с.Дабиле)
АЛУ завршил во Варшава,1978
“АКТЕРКА”, 1998
масло на платно,80/100



ВЕЉКОВИЌ МИРОСЛАВ
(1953,Скопје)
ВПШ завршил во Скопје,1990
Од циклусот:"ПОРТА И КОРЕНИ",1997
комб.техника,50/70



ВЕЛИЧКОВСКА НЕВЕНКА
(1970, Велес)
ФЛУ завршила во Скопје,
"СОНУВАЊЕ",1997
масло на платно,100/70





ВУЛИСИЌ ЛИДИЈА
(1957,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1995
“ДВИЖЕЊЕ”,1990
линорез,100/70

ВЕЛИЧКОВСКА ВЕСНА
(1972,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1998
“РАЗГОВОР”,1998
масло на платно,100/70





ВАСКОВ ГЛИГОР
(1964, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1990
"ЦРВЕНИОТ РИД",1998
комб.техника,50/70

ВЕЛИЧКОВСКИ ВЛАДИМИР
(1936, Куманово)
УПУ завршил во Скопје,
"САМУИЛ",1998
комб.материјал,40/20/76





ВУЛИСИЌ МИРКО
(1957,Прилеп)
ФЛУ завршил во Скопје,1984
“ПЕПЕРУТКА”,1992
масло на платно,90/70

ВЕРГОВСКИ ДРАГАН-АЛПИ
(1950, Белград)
ФЛУ завршил во Скопје,1987
“ЛИКОВНИ ЗАПИСИ”,1998
акварел на стакло,23/25





ГАВРОВСКИ АНГЕЛ
(1942, с.Жилче)
АЛУ завршил во Белград,1967
"РАСТЕНИЕ",1998
масло на платно,52/39

ГЕГОСКИ КИРИЛ
(1934,Прилеп)
УПУ завршил во Скопје,1964
"ТУТУН",1998
масло на платно,46/46



ГОГОВ ОРЦЕ
(1950,Скопје)
ФЛУ завршил во Риека,1983
"ФОРМИ",1998
масло на платно,50/50



ГЕЛЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА ЖАНЕТА
(1963,Куманово)
ФЛУ завршила во Скопје,1989
"РЕИНКАРНАЦИЈА",1998
комб.техника,80/60



ГРУЈИЌ ЛИДИЈА
(1970, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1994
"ВО СЕНКАТА НА ВЕРТИКАЛАТА",1994
бронза,70/5/5



ГЛИГОРОВА ИЛИНКА-СУЗА
(1936, Кавадарци)
АЛУ завршила во Белград,1964
"СИНИОТ ВЕТЕР",1998
масло на платно, 80/100



ДИМИТРОВ СТАВРЕ-СТАДИМ
(1841, Лерин)
АЛУ завршил во Ташкент, 1973
"ПОРТРЕТ НА ХИРУРГОТ ...", 1998
масло на платно, 120/80



ДИМОВСКИ АНГЕЛ-ЧАУШ
(1952, Велес)
ФЛУ завршил во Скопје, 1985
"НАКОНТЕНА", 1998
дрво, 130/30/27



ДРАКУЛ ПЕТАР
(1937,Лазарополе)
ФЛУ завршил во
Скопје,1989
"МАКЕДОНКА",1994
масло на платно,150/200



ДИМИТРОВСКИ СТОЈАН
(1929, Скопје)
ВПШ завршил во Скопје, 1956
"ПЕЈЗАЖ ОД КРУШЕВО", 1998
масло на платно, 108/76



ДОНЧЕВСКИ МИРКО
(1932, с.Владимирово)
ВПШ завршил во Скопје, 1959
"ОБНОВУВАЊЕ НА КРСТОТ",
1992
масло на платно, 65/101



ЃОРЃИЕВ ГОРЈАН
(1965,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје, 1987
"МРТВА ПРИРОДА СО ПАТКА", 1998
масло на платно, 120/80



ЃОРЃИЕВ МИХАИЛ
(1946,Битола)
ВГШ завршил во Загреб,1968
"АКТ",1995
фотолитографија,44/64



ЃОРЃИЕВ СПИРО
(1957, Скопје)
"СВ.ПЕТАР И
ПАВЛЕ", 1998
дрворез, 60/23



ЃОРЃИЕВ ПЕТАР-ПЉУМ
(1936, с.Патишка Река)
ФЛУ завршил во Скопје
"ОЧЕКУВАЊЕ", 1998
масло на платно,155/125



ЃОРЃИЕВ СТАНКО
(1954,с.Чешиново)
ФЛУ завршил во Скопје,1984
"МАЧКА ВО ПРЕДЕЛ",1998
масло на платно,100/70



ЕФРЕМОВ КИРИЛ
(1938,Штип)
АЛУ Прв степен завршил
во Белград,1964
"ХИПЕРТРОФИЧНА
ЛАГУНА",1997/98
масло на платно,81/65



ЗДРАВЕВСКА-КОСТОВИЌ
СНЕЖАНА
(1969,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1994
"МРТВА ПРИРОДА",1998/99
комб.техника,80/70



JAKOB ВАНЧО
(1964, Кавадарци)
ФЛУ завршил во Скопје,1987
од циклусот:
"НАШИОТ САКАН
ПРОСТОР",1994
комб.техника,100/100



JAKOBЧЕВСКА ЕЛИЗАБЕТА
(1974, Калмар-Шведска)
ФЛУ завршила во Скопје,1998
"ИГРА",1998
стакло,бакар,50/45/45
комб.техника,100/100





ЈАКШИЌ БРАНКО
(1954, Скопје)
АЛУ завршил во Белград,1981
"ЛАГУНА",1997
бронза, 30/40

ЈАНЕШЛИЕВА СЛАВИЦА
(1973, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1996
"РЕМИНИСЦЕНЦИЈА", 1998
комб.техника, 90/70



ЈАНЕВСКИ ВОЈКО
(1943, с.Грнчиште)
АЛУ завршил во Загреб,1968
“ТОПЕЊЕ НА СНЕГ”,1998
акрилик на платно, 49/49




ЈАНКУЛОСКИ АЛЕКСАНДАР
(1936, Прилеп)
ФЛУ завршил во Скопје
“АНАТОМИЕН”,1997
масло на платно,109/73



КАСТРАТИ АДЕМ
(1932, Југославија)
ВПШ завршил во Скопје,1963
"КАПАЧКА",1998
земја на платно, 81/65



КОРУНОВСКА-
АЏИГОГОВСКА СВЕТЛАНА
(1959,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1995
"ГАЛАКТИЧКО
ДВИЖЕЊЕ",1995
масло на платно,72/92





КАВКАЛЕВСКИ ИЛИЈА
(1932, Прилеп)
АПУ завршил во Белград,1957
"ЗАГРЕБ-ТРГ БАН ЈЕЛАЧИЌ",1997
акварел, 89/65

КОСТОВ ВАСИЛ
(1929, с.Ранци)
УПУ завршил во Скопје,1960
"КАРПЕСТ ПРЕДЕЛ",1999
комб.техника, 93/64



КИРЈАЗОВСКА КРИСТИНА
(1972,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1977
"НАДСИРАЊЕ",1998
масло на платно,100/80



КОСТОЈЧИНОВСКА
МИРЈАНА
(1974, Белград)
ФЛУ завршила во Скопје,1997
"ДЕЦА ",1998
комб.техника,100/70



КОСТОВСКИ ЗОРАН
(1952, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1974
"НЕЖНОСТ",1998
масло на платно,120/90



КРМОВ ТОМИСЛАВ
(1938,Штип)
АПУ завршил во Белград,1967
"ДВИЖЕЊЕ ВИИИ"1998
литографија,80/55



КУЗМАНОВСКИ
ПАВЛЕ
(1939, Тетово)
АПУ завршил во
Белград 1966
“СВЕДОК”,1998
масло на платно, 90/90



КУФАЛОВСКИ
СТОЈАН
(1945, с.Герман)
ФЛУ завршил во Скопје
“ПОСТОЕЊЕ II”,1997
масло на платно,60/75



КОЏОМАН МИЛОШ
(1952, Скопје)
ПА завршил во Скопје,1972
"ПОРТРЕТ ..",1996
масло на платно 70/60



КРСТЕВСКИ БОРО
(1931, Скопје)
ВПА завршил во Скопје,1970
"ГРАЦИЈА",1998
каширана хартија, 65/40/20



КУНОВСКИ МИТКО
(1937, с.Елавци)
ФЛУ завршил во Скопје,1990
"РАСКОЛ",1995
масло на картон, 50/65



ЛАЗАРЕВСКИ ЗОРАН
(1949, Скопје)
АЛУ завршил во Белград,1975
"ИМПРЕСИИ ОД МОЕТО НОВО МААЛО.." 1998
масло на платно,101/74





ЛАЗЕСКА РОСИЦА
(1956,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1992
“КОМУНИКАЦИЈА”, 1993
јаглен,100/70

ЛАЗАРОСКИ ВИКТОР
(1965,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1991
“НОВ ЖИВОТ”,1998
дрво,25/21



ЛАФАЗАНОВСКИ СОКРАТ
(1939,с.Вмбел)
ПА завршил во скопје,1972
“ИГРА НА СВЕТЛИНАТА”,1995
масло на платно,120/95



ЛЕШКОВА МАРИНА
(1957,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1984
“УМЕТНИКОТ Е ...”1998
комб.техника,29/56






МАНЕВ КОЛЕ
(1941, с.Бапчор)
АЛУ И степен завршил во Белград,1965
“СПОКОЈ”, 1998
масло на платно, 145/115

МАНЕВ СВЕТО
(1945, Св.Николе)
АПУ завршил во Белград,1970
“ДВОЈКА”,1999
масло на платно,100/80





МАЛИНКОВСКА ЗАГА
(1926, Скопје)
ПА завршила во Скопје
"КОЛОРИСТИЧКИ ВАРИЈАЦИИ", 1998
акварел, 110/60

МАНАСИЕВСКИ ЈОРДАН
(1948,Охрид)
"ЉУБОВ",1997
масло на картон,48/32



МАТЕВСКИЃОКО
(1942,Скопје)
АЛУ завршил во Белград, 1968
"СОГОРЕНО ЛЕГЛО", 1993
масло на платно, 60/40



МАРКОВСКА МАРИЈА
(1972,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје
"ПЕЈЗАЖ",1997
масло на платно



МАРИНКОВСКА-
ТАСКОВСКА ОЛГИЦА
(1964,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1988
“ВЕШТЕРКА”,1998
пастел,84/42



МАРТИНОВСКИ КРСТЕ
(1948, с.Мешеиште)
ФЛУ завршил во Скопје,1988
“РАСКОШНИ ФОРМИ”,1999
пастел,69/92



МАРКОВА МАРИЈАНКА
(1969,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1989
"ТОРЗО",1998
дрво,49/38/20



МАРИОНЦУ-СИМОВСКА МАРИЈАНА
(1966, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1993
"РАЈСКА ГРАДИНА", 1999
комб.техника,60/81



МИТРИЌЕСКИ ИГОР
(1958,Скопје)
АЛУ завршил во Белград,1982
"ДИВА РОЗА",1997
акварел на платно,50/60




МИТРЕВСКА ТОНКИЦА
(1948, Битола)
ФЛУ завршила во Скопје, 1989
"ГРАД", 1999
монотипија, 77/67



МИЛОВАНЧЕВ НАТАША
(1967, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1995
"СТАРИОТ СВЕЌНИК", 1998
акрилик на платно



МИНОСКИ ИЛИЈА
(1936, Прилеп)
ПА завршил во Скопје, 1978
"ПРЕДЕЛ", 1998
акварел, 67/47





МИЦЕВ СТАНКО
(1967, Скопје)
Флу завршил во Скопје, 1991
"ПРЕДЕЛ", 1998
масло на платно, 54/64

МИШЕВ ТОМЕ
(1958, Струмица)
ФЛУ завршил во Скопје, 1994
"АКТ", 1995
масло на платно, 100/80





НАУМОСКА КАСИОПЕЈА
1968,Скопје
ФЛУ завршила во Скопје,1994
"БЕСНИЛО"
масло на платно,51/65

НИКОЛОВСКА ЖАКЛИНА
(1972,Куманово)
ФЛУ завршила во Скопје,1997
"ЈАРЕМ",1995
дрво,82/65/10



НАНЕВСКИ ГОЦЕ
(1974,Скопје)
ФЛУ завршил во
Скопје,1996
"КОНТИНУУМ",1998
црн лим,74/74/48



НИКОЛОСКИ БОРИС
(1935, Прилеп)
АЛУ завршил во
Љубљана,1959
"ЛЕТ НА ПТИЦИ",1998
метал,алуминиум,50/50/50



НИЧЕВ СИМЕОН
(1942, Охрид)
АЛУ завршил во Белград
“КОБНО ЧЕКАЊЕ”
масло на платно,150/140



ОРДЕВ ДАНЧО
(1946, Скопје)
АЛУ завршил во
Загреб,1969
290998,1998
масло на платно, 65/81



ПАВЛОВСКИ ТАКИ
(1939, С.Желино)
АЛУ завршил во
Белград, 1964
"ЗАЧЕТОК-СМРТТА
НА ПТИЦАТА", 1996
масло на платно, 97/130



ПАНДОВ СЛОБОДАН
(1962, Пехчево)
ФЛУ завршил во Скопје,
1985
СКЛУЛПТУРА,
дрво



ПЕТРОВСКИ СТРАХИЛ
(1974, Куманово)
ФЛУ завршил во Скопје, 1997
“РЕД/ХАОС, ХАОС/РЕД”, 1998
комбинирана техника, 205/103



ПЕТРОВ ЈОВАН
(1936, с. Бегниште)
АЛУ завршил во Љубљана, 1961
“ТУТУНАРИ”, 1998
масло на платно, 61/50





ПОПОВ АЛЕКСАНДАР-САШКО
(1933, Велес)
АПУ завршил во Белград, 1959
"МАКЕДОНСКИ КУЌИ", 1998
масло на платно, 98/71

ПЕЦЕВ МАРЈАН
(1950, Струмица)
ПА завршил во Скопје
"ТУРСКА БАЊА", 1989
масло на платно





ПЕТКОВСКА ЈАГОДА
(1959, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1989
"АСОЦИЈАЦИЈА", 1994
масло на платно, 70/60

ПЕТРУШЕВСКА ВАЊА-
ДУЗА
(1965, Скопје)
"ВО ИСЧЕКУВАЊЕ, 1998
масло на платно, 80/100





ПОПОВСКА-ТРАЈКОВСКА СОЊА
(1969,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1996
"ОБИД",1998
алуминиум,100/130/90

ПОПОВСКА СВЕТЛАНА
(1956, Белград)
АЛУ завршила
во Белград,1979
"БЕЗ НАСЛОВ",1999
масло на платно,110/80



ПОПОВСКИ САШО
(1960, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,
1987
"ЛОВ", 1998
масло на платно, 64/76



РАКИПОВСКИ ЗЕКМАН
(1957, Преспа)
ФЛУ завршил во Приштина
"ЛЕТ II ",1998
масло на платно,122/92



РИСТЕСКИ АЛЕКСАНДАР
(1937, Прилеп)
АЛУ завршил во Белград,1960
"НЛО",1998
масло на платно,150/150



РАДИВОЈЕВИЌ-
БОЈАРОВА ВУЈКА
(1960, Југославија)
АЛУ завршила во Нови Сад
од циклусот:"ИДОЛИ",1998
масло на платно,120/140





РАМИЌЕВИЌ ИСМЕТ
(1960, Сјеница)
ФЛУ завршил во Скопје,1989
"ЈАРБОЛ XXI ",1998/99
комб.техника,240/470/70

САЗДОВСКА ЛИДИЈА
(1949, Белград)
ФЛУ завршила во Скопје,1991
"МАКЕДОНСКО ЛЕТО 96",1996
комб.техника, 95/60



СВЕТИЕВА МАРИЈА
(1960, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1987
"ОТКРИВАЊЕ НА
ВСЕЛЕНАТА",1987
комб.техника,50/70



СЕКОВСКИ ИГОР
(1969, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,
1997
"ДВА КРУГА"
панел,емајл, 94/49/3



СИЛЈАНОВСКИ
СИМЕОН
(1942,с.Смилево)
АЛУ завршил
во Белград,1968
“ПОЕНТАТА ЗА
ЖЕНАТА”,1998
пастел,53/70



СИМОНОВИЌ
АЛЕКСАНДАР
(1972,Куманово)
ФЛУ завршил
во Скопје,1997
“ДРВОТО НА
ЖИВОТОТ”,1999
комб.техника,80/60



СТАВРЕВСКА
МАРИЈА
(1968,Скопје)
ФЛУ завршила
во Скопје,1993
"БЕЗ НАСЛОВ"



СТАНКОВСКА-ЗАФИРОВСКА
НАТАША
(1966,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје
"КОМПОЗИЦИЈА",1998
комб.техника,70/100



СОКОЛОВ РИСТО-СОКОЛ
(1957, Кавадарци)
ФЛУ завршил во Скопје
"ЖЕНСКИ СИЛУЕТИ",1998
комб.техника,100/80



СТОИЛКОВСКА АНКА
(1972, Куманово)
ФЛУ завршила во Скопје,
1995
"ИЗГРЕЈСОНЦЕ", 1998
акватинта, 50/35



СТАНОЈКОВИЌ
САШО
(1962,Скопје)
ФЛУ завршил
во Скопје,1985
"ТРИ ЗНАМИЊА",
1999
(омаж на Џаспер Џонс)
енкаустика,78/113



СТОЈЧЕВСКА НЕЛА
(1971, К.Паланка)
ФЛУ завршила во
Скопје, 1995
"ЈАС И МОЈОТ СИН
ГОРДАН", 1998
дрво, 170/56/67



СТОЈЧЕВСКИ ДИМИТАР
( 1940, Сисак)
АЛУ завршил во Белград,
"ДИАМЕНТ-КУПОЛА-АНГЕЛИ", 1998
комбинирана техника, масло
акрил, 49/69



СПИРОВСКА МИРА
(1939, Битола)
ВПА завршила во Скоп-
je,1977
"AQUA IV ",1996
масло на платно,110/80



СПИРОВСКА -РАДЕВСКА
ЖАНЕТА
(1959, Битола)
ФЛУ завршила во Скопје, 1986
"ДОДЕКА ГО ЧЕКАМ
ТВОЕТО ВРАЌАЊЕ"1998
комб.техника, 77/105



СПАСОВСКИ ИЛИЈА-ЧЕНДО
(1948, Неготино)
ФЛУ завршил во Скопје,1998
"ТОРЗО",1997
масло на платно,75/75



СТЕФАНОВИЌ СИНИША-КАШАВЕЛСКИ
(1969,Куманово)
ФЛУ завршил во Скопје
"VER AETERNUM", 1999
масло на платно, 100/76



ТАЛЕВСКИ БОРИСЛАВ
(1934, Битола)
УПУ завршил во Скопје, 1955
"ДЕЛИРИУМ", 1999
масло на платно, 100/100



ТАНЕВСКА ТАЊА
(1971, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1996
од циклусот: “ВРЕМЕ”, 1998
КОМБ. ТЕХНИКА, 110/80



ТАШКОВСКА ЛАРА
(1972, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1996
“СОНОТ НА МАГАЦИОНЕРОТ”,1998
масло на платно, 54/46



ТАНЕВСКИ АЦО
(1965, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје, 1991
"СУПРЕМАТСКА
РЕМИНИСЦЕНЦИЈА", 1997
колаж, 40/55



ТАШОВСКИ ВЕЛЕ
(1949, с. Осој)
АЛУ завршил во убљана, 1975
"СЛИКА-ПРОСТОР", 1998
комб.техника, 70/100





ТЕНЕВ ДЕНИС
(1967,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1997
“АДАМ И ЕВА”,1998
инк-џет на платно,122/80

ТЕМКОВА АНА
(1943, Кавадарци)
АЛУ завршила во Белград,1966
“КУЌАРКИ”,1998
масло на платно, 54/81



ТОМОВСКА-ТАСЕВСКА
ЈАСМИНА
(1951,Скопје)
АПУ завршила во Белград,
1977
"ПОГЛЕД ИЛИ ВИТЕЛ",1995
комб.техника, 64/48



ТОМИЌ-РАДЕВСКА ДИЈАНА
(1961, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1984
"ВО ЧУНОТ Х",1998
сериграфија,висок печат,70/100



ТОЦИНОВСКИ СТОЈЧЕ
(1974, Велес)
ФЛУ завршил во Скопје,1998
"АСОЦИЈАЦИЈА",1998
дрво,75/110



ТРАКАЉАНОВА СУЗАНА
(1970,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1998
"ФИГУРА ВО ДИНАМИЧЕН ПРОСТОР",1998
масло на платно, 51/71



УРДАРЕВСКА ЈАДРАНКА
(1966,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје,1991
"РАЗГОВОР",1998
монотипија,70/80



УРОШЕВИЌ ИВАНА
(1961, Скопје)
АЛУ завршила во Белград, 1984
"БЕЗ НАСЛОВ", 1999
свила,120/100



УРОШЕВИЌ ПРЕДРАГ
(1963, Скопје)
Флу завршил во Скопје, 1998
"СУВО ЦВЕЌЕ", 1998
масло на лесонит, 100/65



ФИЛИПОВСКИ МИТКО
(1946, с. Крушеани)
ПА завршил во Скопје, 1977
"СЕЛАНКА СО СРП
И СТОМНА", 1990
дрво, 80/32/24



ФРАНГОВСКИ НОВЕ
(1939, с. Галичник)
АЛУ завршил во Белград, 1966
"ПАРИСКИ ИМПРЕСИИ", 1998
масло на платно, 135/145



ФИЛИПОВА-КИТАНОВСКА
СИМОНИДА
(1965, Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје, 1988
"СОН", 1998
комб. техника



ХАЏИНАУМОВ
ВЕНЈАМИН
(1950,Скопје)
АЛУ завршил во
Љубљана,1974
од циклусотНова
икона:"АЛМА
МАТЕР",1997
масло,комб.техника,70/62



ХАЏИНИКОЛОВ СТЕФАН
(1955,Скопје)
ПА завршил во Скопје,1975
"ЛЕТНА ТИШИНА",1997
масло на платно,95/130






ХРИСТОВА ОЛИВЕРА
(1945, Скопје)
ПА завршила во Скопје, 1969
“ПТИЦИ”,1993
комб.техника, 50/70

ХАЏИМИТРЕВ
ЗАФИР
(1926, Гевгелија)
ПА завршил во Скопје
“ЛЕТО 85”,
масло на платно,90/98





ЦВЕТКОВИЌ МИРОСЛАВА
(1973, Куманово)
ФЛУ завршила во Скопје
“БЕТТА СПЛЕНДЕНС”, 1998
акватинта,бакропис, 86/37

ЦЕЛЕСКИ ЃОРЃИ
(1935,Охрид)
ПА завршил
во Скопје,1974
“АСОЦИЈАЦИЈА”,1998
масло на платно, 101/74



ЦОНЕВА ФРОСИНА
(1975,Скопје)
ФЛУ завршила во Скопје
"ПОДЗЕМЈЕ",1998
акватинта, 55/80



ЧЕМЕРСКИ ГЛИГОР
(1940, Кавадарци)
АЛУ завршил
во Белград, 1965
"ТОПЛА ЗЕМЈА-
ИЗОБИЛСТВО НА
СЕПТЕМВРИ", 1998
масло на платно, 130/150



ЧАУЛЕ ВИОЛЕТА
(1946,Скопје)
АПУ завршила во
Париз,1972
“БЕЗ НАСЛОВ”,1998
акрилик на платно,
200/200



ЧУШКОВ БЛАГОЈ
(1936,Штип)
АПУ завршил
во Белград,1968
“ШТИПСКИ
МУЗИЧАРИ”,1990
бронза,42/20/15



ШЕМОВ БОРИС
(1974,Скопје)
ФЛУ завршил
во Скопје,1997
"БЕЗ НАСЛОВ",1998
компјутерска графика,
130/140



ШУЛАЈКОВСКИ ТЕОФИЛ
(1934, Дебар)
ПА завршил во Скопје
"ИСЧЕКУВАЊЕ",1997
акварел,64/88





ШУЛАЈКОВСКИ ЕМИЛ
(1969,Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1992
“од циклусот:”ПОГЛЕДИ
масло на платно,70/90

ШУЛАЈКОВСКИ ТОНИ
(1969, Скопје)
ФЛУ завршил во Скопје,1992
“Будење во вистинскиот
момент”,1997
масло на платно, 90/70





НАУМОВСКИ ВАНГЕЛ
(1924,Охрид)
сликар самоук
“СИТКА”, 1998
цртеж,62/48

# IN MEMORIAM



МИЛОВИЌ АНГЕЛКО
(1943-1999)
ВПШ завршил во Скопје, 1974
"ВРАЌАЊЕ ОД ПОЛЕ",1995
масло на платно, 120/105

ПЛАКЕТИТЕ ЗА ПРИЗНАНИЈАТА И НАГРАДИТЕ ГИ СПОНЗОРИРА
НЕЗАВИСНИОТ МАГАЗИН “ЗБОР”

THE SPIRIT OF THE WORLD
Johnnie Walker